# ПРОФЕСИОНАЛНО РЕЗИМЕ

## ЛИЧНИ И КОНТАКТ ПОДАТОЦИ




Име и презиме: Зоран Азманов

Датум на раѓање: 1959 година

Адреса на живеење:

Националност: македонец

Тел.бр: 070-217-797

Е-пошта: azmanov.zoran@gmail.com


## ОБРАЗОВАНИЕ:

- Дипломиран на економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје во 1983 година
- До усовршување на Westminster college од 1983 година
- MBA Texas Tech University, Lubbock во 1989-1990 година, во САД како стипендист на американската амбасада во Белград
- Специјализација контрола на памук во USDA Cotton classing School, Bakersfield, California

## ЧЛЕНСТВО ВО УПРАВНИ ОДБОРИ И ДРУГИ АСОЦИЈАЦИИ:

- Член на Управен одбор на Euro Suisse Credit AG
- Член на Управен одбор на Трува – Турција
- Претседател на Управен одбор на Интекс АД – Скопје
- Управител на Алпина Инженеринг ДООЕЛ Скопје
- Претседател на Надзорен одбор на Бетон АД – Скопје
- Член на Управен одбор на Бетон АД –Скопје
- Управител на Настел ДОО-Скопје

## РАБОТНО ИСКУСТВО

По дипломирањето на Економскиот факултет во Скопје во 1983 година, заминав во Лондон Westminster college.

Во март 1984 година се вработив во ИНТЕКС АД како помошник референт за извоз во САД, поминувајќи ги сите скалила, референт за извоз, самостоен референт, виши самостоен референт и раководител за извоз на трикотажни производи и увоз на памук и памучни предива.

Во 1989 година аплицирав за стипендија во Амбасадата на САД во Белград и на конкурс за стипендирање во областа на маркетинг за земјоделски берзански производи од 150 кандидати бев избран за еден од тројцата најдобри кандидати за специјализација на ,, Cotton marketing '' при Универзитетот MBA Texas Tech University, Lubbock. Поради одличните резултати за време на специјализацијата, се стекнав со уште една дополнителна стипендија за специјализација за органолептичко класирање на памук во USDA Cotton classing School, Bakersfield, California. Во Memphis полагав и добив сертификат од USDA за професионално класирање на памук. Од специјализациите се стекнав со корисно знаење во областа на памукот и памучните предива и трикотажа, кое потоа го валоризирав преку проекти за увоз на памук од САД, и предива од Пакистан, Египет и Турција и преку производство на готови трикотажни производи во нашите фабрики во Македонија и истите ги извезував во САД на познати ланци на стоковни куќи како полн извоз со сопствени модели,дури имавме и сопствен бренд Secret Treasure кој го пласиравме во Walmart.

Во 1995 година ја основав својата прва фабрика, Евротекс Куманово, за производство и извоз на трикотажни производи во САД.

Во периодот од 1997/98 година основав три нови текстилни фабрики Датекс Берово, Натекс Кочани и Трикотекс Виница, за извоз на американскиот пазар на трикотажни производи од памук за најпознатите ланци на стоковни куќи - Walmart, Victoria's Secret, Macy's, Kools. Како клучен добавувач за овие реномирани американски корпорации посебно за Walmart, бев прогласен за " KING OF THE LADIES DORMS ". Целокупниот извоз на производите од горе наведените фабрики се одвиваше преку Настел Експорт, компанија во моја сопственост.

Во 2002 година Настел ги откупува акциите од директорите на Интекс со што Настел станува нов сопственик на Интекс, а јас бев назначен за директор на Интекс. Со моето назначување фирмата Интекс која дотогаш бележеше значаен пад и загуби како и најголем дел од увозните извозни компании во тоа време, започна да напредува и оттогаш остварува растечки добивки. Настел поседува 98,5 % од акциите на Интекс.

Во периодот од 1998 до 2005 година раководев со 1.500 текстилни работници и 1.360 градежни работници од кои 150 инжинери и притоа ниеден вработен не беше отпуштен поради недостаток на работа или превработеност, а сите обврски кон вработените по основ на плати и придонеси од плати беа целосно и навремено исплатени, што зборува многу за мојата општествена одговорност.

Од 1995 до 2005 година бев сопственик и директор на логистички фирми, Настел Експорт во Истанбул-Турција, Настел Експорт во Виена-Австрија и Настел Експорт во Петрич-Бугарија. Овие три фирми обезбедуваа логистика за производство на модели на готови производи, увоз на репроматеријали и помошни материјали и извоз за погоренаведените американски корпорации. Најголемата од нив " Walmart " го избра Настел Експорт за најдобар добавувач во светот за 2000-та година. За ова најголемо достигнување наградата **"INTERNATIONAL SUPPLIER OF THE YEAR" 2000** ми беше врачена во Хонг Конг во 2001-ва година од страна на Bob Walton.

Преку Настел Експорт и Интекс имам извезено македонски трикотажни производи најмногу ноќници и пижами во вредност од преку 200.000.000,00 долари на американскиот пазар и дополнително преку извоз на Германскиот и Холандскиот пазар се реализирани преку 20.000.000,00 евра трикотажни производи, преку Интекс и Настел Експорт средствата од тој извоз се наплатени во Македонија во целост во периодот од 1995 до 2005 година кога работев производство и извоз во сопствените фабрики кои се горенаведени. Просечно на годишно ниво сум извезувал околу 20 милиони долари.

Во 2001 година со капиталот стекнат од текстилниот бизнис, на македонската берза го купив управувачкиот пакет на Бетон АД Скопје. Оваа фирма беше пред стечај со огромни долгови кон банки, добавувачи и вработени за неисплатени плати и придонеси од над 12.000.000 евра. Менаџерскиот тим и надзорниот одбор на чело со мене, успеа да ги исплати сите долгови во рок од 6 години, па во јуни 2007-ма година управувачкиот пакет на Бетон АД го продадова на две странски фирми во сопственост на Г-динот Минчо Јорданов .

За време на моето управување заедно со менаџерскиот тим на Бетон АД во тоа време , цената на акциите на фирмата порасна 17 пати и имаат најголема вредност од постоењето на фирмата до ден денес. За овие заслуги ми беше понудено да останам во управниот одбор и после продажбата на акциите , а по 5 месеци во декември 2007-ма година од новите сопственици бев одликуван со сребрен медал и ми беше врачена голема плакета за заслугите кои ги имав постигнато за оваа позната градежна фирма.

Во јуни 2002 година ја основав фирмата Настел во Скопје во сопственост на Euro Suisse Credit AG со основачки капитал од 5.000,00 евра. Денес по 20 години од основањето фирмата располага со основачки капитал од 5.706.000,00 евра и актива од над 70.000.000,00 евра, никакви обврски кон добавувачи или банки. Ова покажува дека Настел е една од најуспешните фирми која редовно си ги плаќа сите даночни обврски и придонеси а исто така помага спортски клубови и други општествено одговорни настани во Р.Северна Македонија.

Настел досега изградил 37 објекти во Скопје или над 2200 станови и околу 100 деловни дуќани, како и најлуксузниот бизнис центар во Северна Македонија и во балканскиот регион, **Настел Бизнис Центар** за кој ,, Настел "ја доби наградата за најлуксузна градба, архитектура и дизајн во 2020 година во Бугарија.

Настел во текот на работењето е одликуван со многу награди за квалитет меѓу кои најзначајни се: Golden Coin Business Construction Excellence; Во 2019-та година од страна на македонската комора и на Председателот на Република Северна Македонија добива признание за македонски квалитет; SZS Stvaratelji za stoljeca za doprinos razvojupoduzetnjistva u srednjoj I jugoistocnjoj Europi –

за 2020-та година; Во 2021 година ја добива наградата за конструкција и инжинеринг и многу други признанија.

Работењето на Фирмата Настел е целосно усогласено со законската регулатива, сите изградени објекти поседуваат одобренија за градба и имотни листови. Купувачите на Настел се задоволни и во очекување на нови објекти, бидејќи задоволни купувачи е основното мото на фирмата Настел.

Со мојот талент за лидерство, организациони способности и чувство за правилно инвестирање во вистински фирми во вистинско време, заедно со менаџерскиот тим на Настел ДОО – Скопје, успеав од 5 000,00 евра основачки влог во 2002-ра година за нешто помалку од 20 години, да ја издигнам во една од економски најмоќните компании во Р.Северна Македонија, со реална актива од 70.000.000,00 евра и основачки капитал од 5.706.000,00 евра .

Настел денес е една од најголемите акционери во најголемите банки во Република Северна Македонија и фармацевтски фабрики Алкалоид и Реплек , исто така и во странски банки како и во најголемите фармацевски компании како што се Novo Nordisk ,Roche , AbbVie Inc., Bristol Myers, Sanofi ,Johnson &Johnson и други Blue chip компании.

## НАЈВАЖНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

- **INTERNATIONAL SUPPLIER OF THE YEAR** - **from WALMART** -2000-та година
- **Одликување со сребрен медал и Голема Плакета во чест на 60 години од формирањето на Бетон АД Скопје –** 2007-ма година
- **Golden Coin Business Construction Excellence** – 2016-та година
- **Признание за македонски квалитет** - Во 2019-та година од страна на македонската комора и од Председателот на Република Северна Македонија
- **SZS Stvaratelji za stoljeca za doprinos razvojupoduzetnjistva u srednjoj I jugoistocnjoj Euro**pi – за 2020-та година
- **Награда за најлуксузно градежништво, архитектура и дизајн - NASTEL BUSINESS CENTER** – Бугарија,2020-та година
- **Награда за конструкција и инжинеринг –** 2021-ва година